Здружение на финансиски работници
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

Број: 0302-352
26.06.2018 година
Велес

**До**
**Општина _______________**
**Градоначалник**

**Предмет: Покана**

**Почитуван Градоначалник,**

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија – Велес со особена чест и задоволство Ве поканува и очекува Ваше присуство на презентацијата на анализата со наслов „Добро владеење на општинската демократија и граѓанското учество на ниво на локална самоуправа“ на ден 6 Јули 2018 година, во хотел „Романтик“, Велешко езеро – Велес, според приложената агенда.

Подготвената анализа претставува резултат од спроведеното истражување и преземените активности во истоимениот проект кој е поддржан од грант на ЦИВИКА МОБИЛИТАС - проект на Швајцарската агенција за соработка и развој (СДЦ), претставен од Швајцарската амбасада во Република Македонија.

Проектните активности беа спроведени во осум општини (по една општина од секој плански регион) и соодветен број на граѓански организации, со цел да се утврдат тесните грла и да се дадат насоки за понатамошно постапување за нивно надминување во практикувањето на локалната демократија и граѓанското учество на локално ниво.

Презентацијата на Анализата претставува и поттик до сите општини и граѓанските организации да ги практикуваат користените алатки во функција на евалуација и самоевалуација на работењето, како и дефинирање насоки за подобрување на владеењето на локалната демократија и граѓанското учество на ниво на локална самоуправа.

Ве поканувааме да номинирате лица од вашата општина за учество на наведениот настан. Со задоволство го очекуваме нивното активно учество и дискусии. Реализацијата на оваа проектна активност не предизвикува финансиски импликации на буџетот на вашата општина.

Во очекување на Вашиот позитивен одговор и номинација на претставници од Вашата општина, ви се заблагодаруваме за досегашната соработка.

Со почит,

**Извршен директор**
м-р Зоран Јанкуловски

Тел. ++389 43 230 623; ++389 43 230 625; Тел./Факс ++389 43 233 668; e-mail zfrlsjpv@t.mk web site www.zfr.org.mk
Даночен број МК 4004997107233 Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје
Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје